Согласно член 16 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010) Собранието на основачите на Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје, на ден 01.04.2015 година, ја донесе следнава

# ПРОГРАМА

За дејствување на Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје за периодот од 15.04.2015 година до 31.12.2015година

Визијата на Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје е насочена кон долгорочниот поглед на развојот и функционирањето на корпоративнта безбедност во Република Македонија, унапредување на стандардите за почитување на човековите слободи и права како фундаментални вредности од страна на припадниците на корпоративната безбедност и поврзување на теоријата и практиката.

Мисијата на Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје ја определува нејзината основна цел на постоење и активности кои се фокусирани кон јакнењето на функцијата менаџер на корпоративна безбедност, модел на корпоративна безбедност, субјекти и надлежности на корпоративната безбедност и вклучување на академската заедница во подобрување на практиката на оваа дејност.

Стратешките цели на Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје се однесуваат на реализација на конкретната и крајна визија на здружението.

Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје во 2015 .година ќе ги реализира следниве активности:

1. Отпочнување постапка за здавање на списание - „Корпоративна безбедност, човекови права, демократија“;
2. Организирање на меѓународна научна конференција;
3. Соработка со донации од домашни и странски организации/институции;

4. Предлагање на измени и дополнувања на постоечката законска регулатива за поуспешно функционирање на корпоративната безбедност во нашата држава;
5. Медиумски настапи за зголемување на видливоста на здружението;
6. Други прашање кои не се предвидени со програмата, а во текот на годината ќе се појават како важни за решавање.

Скопје, 2015 год.

Здружението на граѓани - Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ“ - Скопје

Претседател

доц. д-р Атанас Козарев

Асоцијација за корпоративна безбедност, владеење на правото и човекови права
МЕНАЏЕР ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ
СКОПЈЕ